# Net2Phone Dialer
## Упатство за инсталација и користење

Net2Phone Dialer софтверот може да го симнете од директен линк на нашата почетна страница или од следниот линк:
http://web.net2phone.com/consumer/commcenter/download/bin/resellercc.exe

Одкако ќе го симнете Net2Phone Dialer софтверот, активирајте ја апликацијата со двоен клик на глувчето. На екранот ќе ви се појави следниот прозорец:




Од понудените опции кликнете на **Run**. Наредно ќе ви се појави следниов прозорец:




Кликнете **Next** што ќе ве однесе до Напомената за правила при користење на софтверот.

Од понудените опции на тој прозорец одберете **I Accept**:




Доколку притиснавте **I Accept**, на екранот ќе ви излезе следниов прозорец, а од понудените опции кликнете на **Next**:




Кратко објаснување за инсталацијата на софтверот и можност да пристапите кон следниот чекор на инсталација:




Доколку овој прозорец ви излезе на екранот како крај на инсталацијата, истата е успешно завршена. Кликнете **Finish** за да ја потврдите успешно завршената инсталација. Net2Phone Dialer софтверот автоматски ќе се активира после успешната инсталација.

Следен чекор кон употреба е внесување на Вашата Net2Phone сметка (account) и лозинка (pin):




Кликнете на полето **File** и од подменито одберете ја опцијата **Change Account Settings…**

На екранот ќе ви се појави следниот прозорец со две полиња за внесување податоци. Тука ќе треба да ги внесете Вашата Net2Phone сметка и лозинка:




Одкако успешно ќе ги внесете Вашата Net2Phone сметка и лозинка, притиснете **OK** за потврда.

Доколку претпазливо ги следевте чекорите за симнување, инсталација и минимална конфигурација на Net2Phone Dialer софтверот, Вие веќе сте во можност да воспоставите високо квалитетен меѓународен телефонски повик или да испратите Факс преку интернет!

За да воспоставите меѓународен телефонски повик преку интернет користејќи го Net2Phone Dialer софтверот, телфонскиот број внесете го на следниов начин:

Во листата пронајдете го името на државата во која сакате да телефонирате, кликнете на името и со тоа сте го внесле влезниот код за државата. Во полето како продолжение внесете го бројот што сакате да го бирате.







Следејќи го овој пример кој е наведен за телефонирање кон телефонски број во Република Македонија, внесете го во правилен формат телефонскиот број што сакате да го бирате и кликнете **DIAL** за да го повпоставите повикот.